61373

Вечер 16 јануари 2009, 14003, 18

■ОД ВКУПНО ТРИЕСЕТ И ЧЕТИРИ

# Првите четири скулптури во центарот на Скопје

*Даниела ТРАЈКОВСКА*



Во центарот на Скопје, в недела, ќе бидат поставени четири скулптури од реномирани македонски автори. Од Министерството за култура, кое го финансира проектот, велат дека до крајот на годината ќе бидат поставени вкупно 34 скулптури.

– Целта е разубавување на градот во насока тој да добие изглед на вистинска метропола. Во споредба со европските и светските метрополи, Скопје е град со малку скулптури. Со реализацијата на овој проект ќе внесеме свеж квалитет во културното секојдневие, а скулптурите ќе имаат и едукативно влијание врз граѓаните, вели Анита Јованоска, портпарол во Министерството за култура.

Првите четири скулптури според Јованоска, се „Мачка" на Томе Аџиевски, која ќе биде лоцирана пред Кино „Култура". На плоштадот „Македонија", пак, ќе се најде скулптурата „Заљубени" на авторот Димитар Филиповски, висока 2,5 метри. „Шмизла" на истиот автор, висока 2 метра, ќе биде поставена на улицата „Македонија", спроти Хотел „Турист", додека „Девојче", од Грозданка Каникова, со висина од 1,6 метри, ќе биде лоцирана во близина на поранешен „Путник". Сите скулптури се изработени од бронза.



На конкурсот, кој минатата година во март го распиша Министерството за култура, беа избрани 26 автори и идејни решенија за 34 скулптури. Секој од избраните автори е претставен со по една или три скулптури.

– Со сите уметници беа склучени договори, во тек е изработка на скулптурите, и тоа според динамика и рокови доставени од страна на авторите. Во зависност од материјалот, големината и тежината за изработка на скулптурите, авторите имаат различни рокови за изработка, но до крајот на годинава сите скулптури би требало да бидат завршени и поставени на различни локации во Скопје, додава Јованоска.